# Службен гласник

## на Општина Струмица


| Број 11 | 21 септември , 2005 год. |
|---|---|


Содржина

### СОВЕТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА


стр.

**Одлука** за утврдување висината на стапката на данок на имот ……………… 188

**Одлука** за утврдување висината на стапката на данок на промет на недвижности ………………………………. 189

**Одлука** за утврдување висината на стапката на данок на наследство и подарок ……………………………………... 189

**Одлука** за утврдување висината на комуналните такси ………………………. 190

**Одлука** за утврдување на висината на надоместокот за издавање лиценца за вршење угостителски услуги …………… 192

**Одлука** за извршување јавни набавки на Општина Струмица од страна на ЈПКД “Комуналец” Струмица ……………………….……. 193

**Одлука** за формирање Комисија за утврдување пазарната вредност на недвижниот имот ……………………………………..…. 194

**Решение** за именување на претседател, двајца членови и нивни заменици во Комисијата за утврдување пазарната вредност на недвижниот имот …………………………………………..….. 195

**Завршна** сметка на Буџетот на општина Муртино …………..……………………………..…. 195

**Завршна** сметка на Буџетот на општина Куклиш ……………………………………………….. 200

**Заклучок** по Одлуките за утврдување висината на стапките на општинските даноци и комунални такси ……………………………………. 205


### ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА СТРУМИЦА


**Решение** за формирање Комисија за преземање на извршните предмети од областа на урбанизмот од Министерството за транспорт и врски - ПЕ Струмица …. ……………………………..… 206

**Решение** за формирање Комисија за технички прием на зградата на ул. “Ленинова” бр. 29 во Струмица ………………………………..………….. 206

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување висината на стап-ката на данок на имот

1. Се објавува Одлуката за утврдување на висината на стапката на данок на имот, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.09.2005 година.

Број 08-2613/2 Градоначалник
20.09.2005 год. на Општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………

Врз основа на член 6 став 4 од Законот за даноците на имот (“Сл. весник на РМ” број 61/04) и член 21 став 1 алинеа 5 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 15.09.2005 година, донесе

О д л у к а
за утврдување на висината на стапката на данок на имот

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на стапката на данок на имот.

Член 2

Данок на имот се плаќа на недвижен имот, а обврзник е правно и физичко лице сопственик на имотот.

Доколку сопственикот не е познат или не е достапен, обврзникот е правно и физичко лице корисник на имотот.

Обврзник може да биде и плодоуживател на имот согласно со закон.

Обврзници се и повеќе лица сопственици на еден имот, сразмерно на сопственичкиот дел.

Обврзник на данок на имот е и правно и физичко лице корисник на недвижен имот сопственост на државата и општината.

Член 3

Стапката на данок на имот е пропорционална и изнесува 0,10%.

Стапката на данок на имот за земјоделско земјиште кое не се користи за земјоделско производство ќе се зголемува за три пати во однос на утврдената стапка од став 1 на овој член.

Обврзник на данок на имот за станбена зграда или стан во кој живее со членовите на семејството има право на намалување на пресметаниот данок во висина од 50%.

Член 4

При утврдувањето и наплатата на данокот на имот ќе се применуваат одредбите од Законот за даноците на имот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”, а ќе се применува од 01.01. 2006 година.

Бр.07-2613/1 Совет на општина Струмица
16.09.2005 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување на висината на стапката на данок на промет на недвижности

1. Се објавува Одлуката за утврдување на висината на стапката на данок на промет на недвижности, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.09.2005 година

Број 08-2614/2 Градоначалник
19.09.2005 год . на Општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………..

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за даноците на имот ("Сл. весник на РМ" број 61/04) и член 21 став 1 алинеа 5 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 15.09.2005 година, донесе

О д л у к а
за утврдување на висината на стапката
на данок на промет на недвижности

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висната на стапката на данок на промет на недвижности.

Член 2

Данок на промет на недвижности се плаќа на остварениот промет на недвижности.

Обврзник на данок на промет е правно и физичко лице – продавач на недвижноста.

По исклучок, обврзник може да биде и правно и физичко лице – купувач на недвижноста, ако така е предвидено во договорот за купопродажба на недвижноста.

Член 3

Стапка на данок на промет на недвижности е пропорционална и изнесува 3%.

Член 4

При утврдувањето и наплатата на данокот на промет на недвижности ќе се применуваат одредбите од Законот за даноците на имот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-2614/1 Совет на општина Струмица
16.09.2005 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување
на висината на стапката на данок на
наследство и подарок

1. Се објавува Одлуката за утврдување на висината на стапката на данок на наследство и подарок, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.09.2005 година

Број 08-2615/2 Градоначалник
20.09.2005 год. на Општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………

Врз основа на член 16 став 3 од Законот за даноците на имот ("Сл. весник на РМ" број 61/04) и член 21 став 1 алинеа 5 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 15.09.2005 година, донесе

О д л у к а
за утврдување на висината на стапките на
данок на наследство и подарок

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на стапката на данокот на наследство и подарок.

Член 2

Данок на наследство и подарок се плаќа на недвижен имот и право на плодоуживање и користење на недвижен имот кои наследниците, односно примателите на подарок ги наследуваат или примаат врз основа на договор.

Данок се плаќа и на готови пари, парични побарувања, хартии од вредност и друг подвижен имот, доколку вредноста на подвижниот имот на наследување е повисока од едногодишната просечна плата во Република Македонија во претходната година.

Член 3

Обврзник на данокот на наследство и подарок е правно и физичко лице резидент на Република Македонија кое наследува

имот, како и правно и физико лице кое прима имот на подарок во земјата или странство.

Обврзник е и нерезидент за недвижниот и подвижниот имот кој го наследува или прима на подарок на територијата на Република Македонија.

Член 4

Стапките на данок на наследство и подарок се пропорционални и различни во зависност од наследниот ред.

За обврзник од втор наследен ред, данокот се пресметува по стапка во висина од 3%, а за обврзник од трет наследен ред или кој не е во сродство со оставителот, данокот се пресметува по стапка од 5%.

Член 5

При утврдувањето и наплатата на данокот на наследство и подарок ќе се применуваат одредбите од Законот за даноци на имот.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-2615/1 Совет на општина Струмица
16.09.2005 год. Претседател,
Струмица Зоран Ристов с.р.

……………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Решение
за објавување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси

1. Се објавува на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.09.2005 година.

Број 08-2616/2 Градоначалник
19.09.2005 год. на Општина Струмица
Струмица Зоран Заев с.р.

……………..

Врз основа на член 2 од Законот за комуналните такси ("Сл. весник на РМ" број 61/04) и член 21 став 1 алинеа 5 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 15.09.2005 година, донесе

Одлука
за утврдување на висината на комуналните такси

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на комуналните такси што се плаќаат за користење на определени права, предмети и услуги од јавен интерес, од локално значење од страна на правните и физички лица кои вршат дејности и од граѓаните.

Член 2

Комуналните такси се плаќаат за:

1. секоја фирма односно назив на деловна просторија;
2. користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба;
3. користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност;
4. истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места;
5. користење на музика во јавните локали;
6. поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните згради;
7. користење на плоштадите и друг простор во градот и другите населени места со цел за изложување предмети, приредување на изложби и други забавни приредби за вршење на дејност;
8. користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила и нивните приколки и автобуси, што за таа цел ќе ги определи општината;

9. користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли; и

10. користење и одржување на јавно осветлување.

Член 3

Обврзник на комунална такса е физичко и правно лице и граѓанинот кои користат определени права, предмети и услуги за чие користење е пропишано плаќање на комунална такса.

Обврската за плаќање на комунална такса настанува во моментот на користењето на правото, предметот или услугата за кои е пропишано плаќање на такса.

Член 4

Комуналните такси се плаќаат според следната тарифа за комунални такси:

Тарифен број 1

За фирма, односно назив на:

-деловните простории на физичките лица кои вршат дејност……………………..….2 000 денари;

-деловните простории на физички лица кои вршат дејност, а данокот го плаќаат во паушален износ …………….. 500 денари;

-деловните простории на трговските друштва и другите правни лица од областа на производството, прометот и услугите, освен за продавници, киосци, деловни единици и слично за кои таксата изнесува 2.000 денари ……..6 000 денари;

-деловни простории на правни лица од комуналните дејности …3.000 денари;

-деловни простории на трговските друштва и другите правни лица, како и на откупните пунктови кои дејствуваат повремено..3.000 денари.

Тарифен број 2

За користење на површини во кампови, за подигање на шатори и друга слична привремена употреба - дневно ……………...25 денари.

Тарифен број 3

За користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност по 1 $м^2$ - дневно……………10 денари.

Тарифен број 4

За истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места се плаќа и тоа за:

- до седум дена ……….……..……. 800 денари;
- до 30 дена…………………...……1 000 денари;
- до една година ……………..….. 1 200 денари.

Тарифен број 5

За користење на музика во јавни локални годишно ……..…. 5 000 денари.

Тарфен број 6

За поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории се плаќа годишна такса и тоа:

- за физички лица кои вршат дејност ………………..………. 1 000 денари;

-за правни лица од областа на производството, прометот и услугите … 2.000 денари.

Тарифен број 7

За користење на плоштади и друг простор во градовите и другите населени места со цел изложување на предмети, приредување на изложби и забавни приредби за вршење на дејност, се плаќа такса за заземена површина од 1 $м^2$ - дневно …………………..…. 5 денари.

Тарифен број 8

За користење на просторот за паркирање на моторни возила:

- паркирање на патнички возила на јавни паркиралишта
– дневно……………………………..20 денари;
- по саат …………………………..…. 10 денари;

-паркирање на товарни моторни возила и автобуси-дневно ………..75 денари;

-паркирање на приколки-дневно ....30 денари.

Тарифен број 9

За користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли:
-за патнички возила
до 1000 кубика ………………..…70 денари;
-за патнички возила од
1000 до 1300 кубика…...………100 денари;
-за патнички возила
од 1300 до 1500 кубика ………130 денари;
-за патнички возила
од 1500 до 1800 кубика …….. 300 денари;
-за патнички возила
над 1800 кубика ………………. 500 денари;
-за товарни возила
по тон носивост………..……….100 денари;
-за автобуси и други возила
што служат за превоз на
патници ………………………....500 денари;
- за специјални возила……….... 50 денари;
-за сите видови моторцикли .... 50 денари.

Тарифен број 10

За користење и одржување на јавно осветлување се плаќа комунална такса во висина на противвредноста од 15 КВ ч по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електрична енергија.

Член 5

Наплатата на таксите ќе ја вршат правните и физички лица и други органи наведени во Законот за комуналните такси и ќе ги уплатуваат на соодветна сметка во рамките на трезорски сметки на општината.

За се што не е регулирано со оваа Одлука ќе се применуваат одредбите од Законот за комуналните такси.

Член 6

Со донесувањето на оваа Одлука престануваат да важат Одлуката за висината на надоместокот за користење на градежно земјиште на кое се поставени времени објекти ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/97) и Одлуката за утврдување на комуналните такси за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли на територијата на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 9/05)

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден со денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-2616/1 Советна општина Струмица
16.09.2005 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за издавање на лиценци за вршење на угостителски услуги

1. Се објавува Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за издавање на лиценци за вршење на угостителски услуги, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.09.2005 година.

Број 08-2627/2 Градоначалник
20.09.2005 год. на Општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………………

Врз основа на 21 став 2 од Законот за угостителска дејност ("Сл. весник на РМ" број 62/04) и член 21 став 1 точка 5 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 16.09.2005 година, донесе

О д л у к а
за утврдување на висината на надоместокот за издавање на лиценца за вршење на угостителски услуги

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за издавање на лиценца за вршење на угостителски услуги.

Член 2

Висината на надоместокот за добивање на лиценца за давање на угостителски услуги за:
- кабаре изнесува 3.750 евра во денарска противвредност;
- ноќен бар изнесува 6.000 евра во денарска противвредност;
- диско клуб и диско клуб на отворен простор изнесува 7.500 евра во денарска противвредност.

Член 3

Надоместокот од член 2 на оваа Одлука се уплатува 50% на сметка на Општина Струмица, а 50% на сметка на Буџетот на Република Македонија во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.

Член 4

Лиценцата што се издава за вршење на овие угостителски услуги важи за период од една година и истата не може да се пренесува.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица.

Бр. 07-2627/1 Совет на општина Струмица
19.09.2005 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за извршување на јавни набавки на Општина Струмица од страна на ЈПКД “Комуналец” Струми ца

1. Се објавува Одлуката за извршување на јавни набавки на Општина Струмица од страна на ЈПКД “Комуналец “ Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.09.2005 година

Број 08-2628/2 Градоначалник
20.09.2005 год. на Општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………..

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 21 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 16.09.2005 година, донесе

О д л у к а
за извршување на јавни набавки на Општина Струмица од страна на ЈПКД “Комуналец” Струмица

Член 1

Се одобрува на Градоначалникот Зоран Заев сите јавни набавки кои треба да ги врши Општина Струмица, а се предмет на Програмата за јавни набавки на општина Струмица за 2005 година и Програмата за комунални дејности на општина Струмица за 2005 година да ги изврши и спроведе ЈПКД “Комуналец” Струмица на начин и постапка согласно Законот за јавни набавки.

Член 2

Извршувањето на работите, односно спроведувањето на јавните набавки од член 1 на оваа Одлука ЈПКД “Комуналец” Струмица да го изврши за сите дејности за кои е формирано Јаното претпријатие, под услов извршувањето на работите да го врши со сопствена работна сила и сопствена опрема.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила по денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-2628/1 Совет на општина Струмица
19.09.2005 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за формирање на Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот

1. Се објавува Одлуката за формирање на Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.09.2005 година.

Број 08-2617/2 Градоначалник
19.09.2005 год. на Општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………………

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за даноците на имот (“Сл. весник на РМ” број 61/04) и член 21 став 1 точка 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 15.09.2005 година, донесе

О д л у к а
за формирање на Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот

Член 1

Со оваа Одлука се формира Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на даночните обврзници во Општина Струмица (во понатамошниот текст Комисија).

Член 2

Комисијата ќе ја утврдува пазарната вредност на недвижниот имот на даночните обврзници во Општина Струмица по предходно поднесена даночна пријава до општинската администрација или по службена должност.

Член 3

Комисијата, утврдувањето на пазарната вредност ќе ја спроведува според Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот пропишана од Владата на РМ.

Член 4

Комисијата ќе се состои од претседател, двајца членови и нивни заменици кои ги именува Советот на општина Струмица на предлог на Градоначалникот.

Член 5

Стручната подготовка на членовите на Комисијата ќе соодветствува на потребите за извршувањето на нејзината дејност.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот од денот на објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-2617/1 Советна општина Струмица
16.09.2005 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Решението за именување на претседател, членови и заменици на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот

1. Се објавува Решението за именување на претседател, членови и заменици на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.09.2005 година.

Број 08-2618/2 Градоначалник
19.09.2005 год. на Општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………………..

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за даноците на имот (“Сл. весник на РМ” број 61/04), член 4 од Одлуката за формирање на Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и член 21 став 1 точка 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 04/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 15.09.2005 година, донесе

Р е ш е н и е
за именување на претседател, членови и заменици на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот

1. Во Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на даночните обврзници во општина Струмица, се именуваат:

- Милушев Ицо,
дипл. правник – за претседател
- Соколов Митко,
дипл. правник – заменик претседател
- Беќаров Ристо,
дипл. градежен инж. – за член
- Димитриевски Ѓорги,
дипл. инж. архитект – заменик член
- Стојанова Дивна,
дипл. земјоделски инж. – за член
- Дончев Ѓорги ,
дипл. земјоделски инж. – заменик член.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-2618/1    Совет на општина Струмица
16.09.2005 год.    П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а    Зоран Ристов с.р.

…………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Завршната сметка на Општина Муртино

1. Се објавува Завршната сметка на Општина Мутино, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.09.2005 година.

Број 08- 2625/2    Градоначалник
20.09.2005 год.    на Општина Струмица
С т р у м и ц а    Зоран Заев с.р.

…………………

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ( „Сл. весник на РМ бр. 5/02”) и член 21 став 1 алинеја 4 од Статутот на општина Струмица ( „Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 16.09.2005 година донесе

**ЗАВРШНА СМЕТКА**
**на Буџетот на општина Муртино за 2005 година**

**1. Општ дел**

**Член 1**

Вкупниот износ на планирани и остварени приходи и расходи во 2005 година изнесуваат:

| | планирано | остварено |
|---|---|---|
| **Вкупно приходи** | **6.564.000 денари** | **976.000 денари** |
| и тоа: | | |
| -**изворни приходи** | **3.864.000 денари** | 656.000 денари |
| -трансфери | 2.700.000 денари | 319.000 денари |
| | | |
| **Вкупно приходи** | **6.564.000 денари** | **976.000 денари** |
| **Вкупно расходи** | **6.564.000 денари** | **976.000 денари** |

## Член 2

Приходите по извори и видови на приходи и расходите по основни намени се утврдени во Билансот на приходите и расходите на Буџетот на општина Муртино за 2005 година и тоа како што следува:

| БИЛАНС НА ПРИХОДИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Група | Подгрупа | оддел | основни сметки | Опис на позициите | Завршна 2003 (во 000 ден) | Б - 2004 (во 000 ден) | Б - 2005 (во 000 ден) | З-с/ка 2005 г. (во 000 ден) |
| | | | | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **7.517** | **6.538** | **6.564** | **976** |
| | | | | **Изворни приходи** | | | | |
| ***71*** | ***71*** | | | ***Даночни приходи*** | **2.719** | **3.721** | **3.864** | **656** |
| | **713** | | | **Даноци на имот** | **1.298** | **2.064** | **2.141** | **244** |
| | | **7131** | | **Данок на имот** | **329** | **749** | **778** | **55** |
| | | | 713111 | Данок на имот | 329 | 749 | 778 | 55 |
| | | **7132** | | **Данок на наследство и подарок** | **62** | **270** | **280** | **4** |
| | | | 713211 | Данок на наследство и подарок | 62 | 270 | 280 | 4 |
| | | **7133** | | **Данок на промет на недв. и права** | **904** | **1.041** | **1.083** | **185** |
| | | | 713311 | Данок на промет на недв. и права | 904 | 1.041 | 1.083 | 185 |
| | | **7135** | | **Камати** | **3** | **4** | **0** | **0** |
| | | | 713512 | Камати за ненавр. плак. на данок на имот | 3 | 4 | 0 | |
| | **717** | | | **Даноци на специфични услуги** | **1.421** | **1.657** | **1.723** | **412** |
| | | **7171** | | **Комунални даноци** | **1.421** | **1.657** | **1.723** | **412** |
| | | | 717112 | Комунални такси за ист. фирма, реклами и сл. | 327 | 703 | 731 | 43 |
| | | | 717115 | Комунални такси за корис. на ул.при регис. | 148 | 140 | 145 | 19 |
| | | | 717116 | Комунална такса за корист. и одрж.јавно осв. | 855 | 614 | 639 | 136 |
| | | | 717117 | Надомест за доделување на кор.(уредување) на градежно земјиште | 91 | 200 | 208 | 214 |
| ***72*** | | | | ***Неданочни приходи*** | **262** | **117** | **0** | **1** |
| | **721** | | | **Претприем. приход и приход од имот** | **18** | **0** | **0** | **0** |
| | | **7213** | | **Други приходи од имот** | **18** | **0** | **0** | **0** |
| | | | 721311 | Камати од депозити од комерцијални банки | 18 | | | 0 |
| | **724** | | | **Други владини услуги** | **29** | **0** | **0** | **0** |
| | | **7241** | | **Други владини услуги** | **29** | **0** | **0** | **0** |
| | | | 724149 | Други владини услуги | 29 | | | |
| | **725** | | | **Други неданочни приходи** | **215** | **117** | **0** | **1** |
| | | **7259** | | **Други неданочни приходи** | **215** | **117** | **0** | **1** |
| | | | 725930 | Приходи на органите на управата | | | | 1 |
| | | | 725939 | Останати неданочни приходи | 215 | 117 | 0 | |
| ***74*** | | | | ***Трансфери и донации*** | **4.536** | **2.700** | **2.700** | **319** |
| | **741** | | | **Трансфери од други нивоа на власт** | **4.536** | **2.700** | **2.700** | **319** |
| | | **7411** | | **Тек. трансфери од др.нивоа на власт** | **4.536** | **2.700** | **2.700** | **319** |
| | | | 741112 | Трансфери од буџет на републиката | 850 | | | |
| | | | 741113 | Трансфери од буџетот на фондовите | 3.101 | 2.700 | 2.700 | |
| | | | 741114 | Пренес.вишок на приход од прет.год. | 585 | | | 319 |

**БУЏЕТСКИ РАСХОДИ ЗА 2005 ГОДИНА** **ОБРАЗЕЦ Б1**

**Општина: МУРТИНО** **РАЗДЕЛ**

**Име на програма: АДМИНИСТРАЦИЈА** **Број на програмата: 10**

| Сметка | Опис | Завршна сметка за 2003 година | Буџет за 2004 година | Предлог Буџет за 2005 година | | | Заврш на сметка 2005г. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Буџет-ски расход | Расход од донации | Вкупно | |
| | | '000 МКД | '000 МКД | '000 МКД | '000 МКД | '000 МКД | '000 МКД |
| | **Приходи** | | | | | | |
| 713.111 | Данок од имот | 329 | 749 | 778 | | 778 | 55 |
| 713.211 | Данок на наследство И подарок | 62 | 270 | 280 | | 280 | 4 |
| 713.311 | Данок на промет на недвижности И права | 904 | 1.041 | 1.083 | | 1.083 | 185 |
| 713.512 | Камата за нанавремено платен данок на имот | 3 | 4 | | | | |
| 717.112 | Комунална такса за истак. на фирми,рек. и сл. | 327 | 703 | 731 | | 731 | 43 |
| 717.115 | Комунална такса за корист.на улици при рег. | 148 | 140 | 145 | | 145 | 19 |
| 717.116 | Комунн.такса за корис. и одрж. на јавно освет. | 331 | | | | | |
| 721.311 | Камати од депозити од комерцијални банки | 4 | | | | | |
| 724.149 | Други владини услуги | 29 | | | | | |
| 741.112 | Трансвер од буџет на Републиката | 850 | | | | | |
| 741.113 | Трансвер од буџет на фондови | 36 | | | | | |
| 741.114 | Пренесен вишок на приход од предходна година | 377 | | | | | 319 |
| | **Вкупно** | **3.400** | **2.907** | **3.017** | **0** | **3.017** | **625** |
| | **Пренесено салдо од претходна година** | | | | | | |
| **Вкупно приходи со пренесено салдо од претход. год.** | | **3.400** | **2.907** | **3.017** | **0** | **3.017** | **625** |
| **Потста-вка** | **Расходи** | | | | | | |
| **4** | **Вкупно расходи** | **2.916** | **2.907** | **3.017** | **0** | **3.017** | **624** |
| **400000** | **Плати, наемнини и надоместоци за вработен.** | **1.147** | **1.335** | **1.140** | **0** | **1.140** | **196** |
| **401000** | **Основни плати и надоместоци** | **944** | **1.140** | **970** | **0** | **970** | 175 |
| 401110 | Основни плати -функционери | 64 | 55 | 0 | | | 16 |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 236 | 326 | 326 | | | 40 |
| 401310 | Надомест за превоз до и од работното место | 20 | 20 | 20 | | | |
| 401320 | Надомест за храна | 76 | 126 | 76 | | | 20 |
| 401330 | Надомест за годишен одмор | 19 | 38 | 19 | | | 20 |
| 401390 | Други надоместоци | 503 | 503 | 503 | | | 75 |
| 401510 | Персонален данок на доход од плата | 26 | 72 | 26 | | | 4 |
| **402000** | **Придонеси за соц. осигурување од работод.** | **203** | **195** | **170** | **0** | **170** | 21 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 83 | 126 | 83 | | | 14 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 69 | 55 | 40 | | | 6 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 3 | 1 | 4 | | | 0 |
| 402290 | Други придонеси за Фондот за здравство | 42 | 3 | 37 | | | |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 6 | 10 | 6 | | | 1 |
| **420000** | **Стоки и услуги** | **804** | **1.379** | **1.293** | **0** | **1.293** | **399** |
| **420000** | **Патни расходи** | **49** | **117** | **36** | **0** | **36** | 8 |
| 420110 | Патување во земјата - хранарина (дневница) | 14 | 31 | 5 | | | 4 |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | 3 | 15 | 3 | | | |
| 420130 | Патување во земјата - сместување | 5 | 0 | 2 | | | 4 |
| 420140 | Патување во земјата - споредни расходи | 2 | 0 | 1 | | | |
| 420210 | Патување во странство - хранарина (дневница) | 25 | 50 | 25 | | | |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | 0 | 10 | 0 | | | |
| 420230 | Патување во странство - сместување | 0 | 10 | 0 | | | |
| 420240 | Патување во странство - споредни расходи | 0 | 1 | 0 | | | |
